# СЕМИНАРСКА ЗАДАЧА

## летен семестар 2024-2025

# **СОДРЖИНА НА СЕМИНАРСКИОТ ТРУД** (10 бода)

УП2 летен семестар учебна 2024/25

Семинарскиот труд во вториот семестар се однесува на анализа на **еден пример на станбена населба или населба со мешана намена со доминантна намена домување**. Проектот кој ќе се анализира треба да биде избран од референтните примери кои се користени при изработка на семестралната задача и истиот треба да се анализира согласно следните аспекти:

**ПРВ дел** (~2-3 страни А4 вклучително графички материјал)

Да се опише проектот:

1.1 Неговиот **поширок урбан контекст**

- кусо за големината на градот и генералните тенденции на градскиот простор каде тој е позициониран

1.2 Неговиот **потесен урбан контекст**

- карактеристики на потесната локација, дали се наоѓа во постојно јадро или во нова градска зона,
- како е поврзан со центарот на градот и
- каква е поширoката/доминантна намена на локацијата

1.3 Неговата **големина и капацитет**

- квантитативни информации и основни урбанистички показатели, <u>големина на опфат, број на жители и бруто густина на изграденост, процент на изграденост, коефициент на искористување</u>,
- како и дополнителни информаци кои се однесуваат на присуство на дополнителни (компатибилни) намени, јавни површини и сл.

1.4 Главните **просторни и социјални карактеристики** на разгледуваниот пример

# СОДРЖИНА НА СЕМИНАРСКИОТ ТРУД

УП2 летен семестар учебна 2024/25

## ВТОР дел (~3-4 страни А4 вклучително графички материјал)

Согласно неговата големина и карактер, проектот да се анализира преку следните аспекти:

2.1 **Сообраќај** (автомобилски, пешачки, велосипедски):

- да се препознаат карактеристични модели на сообраќајна мрежа,
- хиерархиска класификација,
- планерски пристапи на сообраќајното решение,
- пристапи до/од локацијата, вкрстување и систем на паркирање,
- велосипедски патеки, пешачко движење и негова релација со јавниот простор,
- јавен превоз (доколку има),
- комунална инфраструктура (доколку ја има)

**Коментарите да се базираат согласно аспектите презентирани на предавањата за сообраќај и комунална инфраструктура**

2.2 Да се оцени проектот преку **аспектите на одржлив урбан развој** како планерски карактеристики на населбата по однос на третманот на зеленилото, сообраќајот, намените, позиционирањето во градот, зонирањето, ре-употребата на градскиот простор, аспекти на одржливост на објектите и јавните простори, препознавање на планерски приод во контекст на принципите на одржливост (и идејата за livability)

**Коментарите да се базираат согласно аспектите презентирани на предавањата за одржлив урбан развој**

2.3 Да се направи обид за позиционирање на примерот што се анализира согласно системот на планирање (во кој вид на план припаѓа, каде би го лоцирале таквиот план во системот на планирање и зошто)

**Коментарите да се базираат согласно аспектите презентирани на соодветното предавање**

2.4 Доколку имате информации за процесите на генеза и спроведување на разгледуваниот проект или реализација да се даде коментар за нивото на партиципативност на граѓаните во процесот на планирање, особено од аспект на bottom up или top down пристапот на планирање и проектирање

**Коментарите да се базираат согласно аспектите презентирани на соодветното предавање**

# СОДРЖИНА НА СЕМИНАРСКИОТ ТРУД

УП2 летен семестар учебна 2024/25

## ТРЕТ дел (~1-2 страни А4 вклучително графички материјал)

**Третиот дел има за цел да даде личен осврт и оценка на проектот/планот во форма на заклучоци кои ќе дадат претстава за неговите квалитети на ниво на просторот**

- релации помеѓу предложената типологија и морфо-синтаксата,
- социјалните аспекти на проектот/планот согласно програмските диспозитиви и предвидените класи на намени,
- квалитетот на просторот помеѓу зградите (Јан Гејл) кој се однесува на можната интеракција помеѓу секојдневниот живот (активностите) на граѓаните и изградената форма (архитектурата).

**За подобро објаснување на материјалот презентиран во семинарскиот труд, во сите три дела каде е потребно треба да се користат графички прилози со цртежи, дијаграми, 3д прикази итн. <u>кои може да бидат преземени или да бидат направени од ваша страна</u>**

# СОДРЖИНА НА СЕМИНАРСКИОТ ТРУД

УП2 летен семестар учебна 2024/25

Семинарскиот труд треба да ја следи наведената структура и обем од мах.10-12 страни. Истиот се работи заедно со партнерот со кој соработувате на семестралната задача. Студентите кои немаат партнер можат да го изработат семинарскиот труд индивидуално, или заедно со некој од колегите кои самостојно работат на семестралната задача.

Семинарскиот труд се изработува со текст фонт Arial големина 11, проред 1,5 и се предава во печатена форма на 4-6 (А3 листа) превиткани на половина со насловна страна на која задолжително се напишани имињата на авторите и бр.во индекс, името на референтниот пример кои се анализира и учебната година.
**Трудот се предава на ден 09.06.2025 (понеделник) во училна 215 во 12.00 часот.**
Семинарскиот труд може најдоцна да се предаде во текот на 10.06.2025 (термин дефиниран во договор со асист. Елена Андонова), при што ова доцнење ќе биде санкционирано со одземање на бодови. По 10.06.2025 семинарските трудови нема да бидат прифатени за оценување.

НАПОМЕНА:

- Покрај текстуално објаснување семинарскиот труд треба да содржи графички прилози (цртежи, фотографии, дијаграми итн.) со кои се илустрираат објаснувањата на разгледуваната идеја.
- Сите извори (книги, фотографии, web наоди итн.) користени при изработка на семинарската треба да бидат наведени на крајот на трудот; користените цитати (доколку ги има) треба да бидат референцирани и ако е потребно дополнително да бидат објаснети во фуснота.
- Секоја семинарска работа треба да има насловна страна со име, презиме, број во индекс на авторот/авторите, наслов на проектот и учебна година. Семинарскиот труд се работи во парови или индивидуално.
- Сите прашања во врска со формалните и содржински аспекти на семинарскиот труд, ќе можат да се постават после секој редовен термин за предавања, односно најдоцна до 29.05.2025 кога е терминот за последните консултации во летниот семестар.